## 18. СОНЦЕТО И КРСТОТ ВЕКОВНИ СИМБОЛИ НА МОЈОТ РОД ВО ЛЕШОК ОД АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ДО 2009 ГОДИНА

Со осамостојувањето на Македонија како независна држава во 1990 година, Парламентот изгласа знаме на државата да биде шеснаесетокрако сонце кои биле македонски сумболи и хералдика во античко време на Филип и Александар Македонски, но, и во подоцните векови.

Неколку години официјално знаме беше шеснаесетокракото сонце, но, под притисок на Грција и меѓународната заедница, парламентот требаше да го смени шеснаестокракото сонце од Кутлеш-Вергина со друго знаме.




(Крстот,Сонцето и Богородива вековни симболи на Родот Византици-Главинои(Глајнооj)-Лалошои-Онуфриевски-Спироски,Лешок )

(The cross and Sun centuries-old symbols of the Kin Byzantines-Glavinoi (Glajnooj)-Lalosoi-Onufrievski-Spiroski from Lesok )

Во тоа време имаше големо разбранување кај македонската јавност за притисокот кој го правеше Грција за сменување на знамето кое го донесе тогашниот македонски парламент. Но, тогашното македонско раководство на чело со претседателот Глигоров, отцениле дека најмудро решение е да се прифати притисокот од Грција и мегународната заедница, но , да се види можноста дали е прифатливо и дали во вековите на просторите на Република Македонија се

употребувало и осмокракото сонце. Така, претседателот Глигиров повикал многу луѓе, меѓу кои и новинарот Спасе Шуплиновски. Тој ме извести дека во времето кога требело да се смени знамето, од претседателот Киро Глигоров добиле задача да одат низ Македонија и да испитаат во кои места и објекти е вградено осмокракото сонце. Така, биле испратени лица на осум места во Македонија и ги скенирале и испитувале симболите, а посебно на Сонцето како симбол и тоа шеснаесеткрако, дванаесеткрако, осмокрако и шестокрако.



(Крстот и Сонцето македонски симболи на саркофагот на полошкиот епискот Јоаникие во црквата Св. Атанасие од 14 век )
(The cros and Sun Macedonia old symbols at the sarkofagot episkop Joanikie church St. Atanasie 14 century )

Со овие истражувања и согледувања во многу места на Македонија се утврдува дека сонцето има голема и вековна традиција да се користи како симбол во разни прилики и случаи. Така, е предложено, наместо, шеснаестокракото сонце да се определи осмокракото сонце како симбол на државно знаме на Република Македонија.

Така, на Спасе Шуплиновски му се дава задача да ги обработува и објектите и спомениците во Лешок и направи ТВ емисија ма МРТВ која се емитува некаде 1994 година.

Имено, во Црквата од 14 век Св. Атанасие - Стар Манастир на подот има Звезда - сонце шестокрако на подот, така наречена розетна. Оваа Розетна е изработена од оникс од карпите на Лешочкото кале и истата е прекрсасен симбол за македнската традиција за сонцето со осум краци. Во 2001 и 2002 година розетната беше извадена и ја немаше, нам не ни е познато кој ја извадил. Јас би сакал да ја извадиле службени лица од Републичкиот завод за заштита на споменици на културата. Но, весниците објавија написи дека некој копал и ја извадил розетната.



( Шестокракотo сонце, розетната на подот од црквата Св. Атанасие од 14 век-Извор: ред. бр.42 )
( Sun with six tentacles,rozetnata on the floor of the church St. Atanasie since 14 century- Source:ordinal number 42 )

Во Лешок и на зидовите на црквата Св. Богородица која ја обновил јеромонахот Кирил Пејчининович во 19 век има на неколку места сонце со осум, дванасет и шеснаесет краци. На влезот над вратата и од горната северна страна на зидот. На влезниот зид има вградени две сонца и тоа едно над влезната врата и едно лево во горниот дел. На северниот зид има вградено четири осмокраки сонца. Инаку, зидовите на црквата Богородица се преполна со сонцето како целина, а на многу места на зидовите се вградени и зраците и др. Ова секако е многу значајно за македонската историја и традиција сонцето што се зема како симбол и не случајно нашите претци на безброј места го вградиле симболот сонце и во неговата книга Утешение грешним во која насловот на книгата е опкружен и во рамка со многу осмокраки сонца.

Колку ме држи мојата меморија во црквата Св. Богородица на подот пред многу години кога бев дете ( шеесетите години) на подот со камени плочи имаше сонце со шеснасесет краци. Мислам дека има ставено нов под од камени плочи и дека или е изваден стариот -поранешерн под каде беше сонцето или над камењата се ставени нови камени плочи. Во разговор со многу луѓе, и други се сеќаваат дека на подот имаше сонце со осумнасест зраци.

Исто како и јас и Борис Момировски кој е од Лешок, а професор во Гимназијата Кирил Пејчинович во Тетово, кој има напишано неколку книги многу добро се сеќава дека до 60-те години подот беше поплочен со камени плочи на кои имаше сонце со шеснасет краци ( извор: ред. бр.15 и 139).

Затоа треба да се види која година после втората светска војна е вршено реконструкција и реновирање на подот на црквата Св. Богородица и да се види од документите дали пред интервецијата било сонцето на подот.

Сонцето како симбол со осум краци беше и во цркавата Св. Атанасие- која е изградена во триесетите години од минатиот век. Имено, на двете куполи има прозори-светларници со изработено сонце со дванаесет краци. Се сеќавем и видов дека од силната експлозија на минирањето на црквата во 2001 година беа излетани

и искршени прозорите со дванаесеткрако сонце и расфрлени на земјата во кругот на манастирот.



( Сонцето-македонскиот симбол низ вековите, локалитет Градиште Стенче-Извор: ред. бр.56 )
( The Sun –macedonian symbol through the centuries, Gradiste Stence-Reservoir:ordinal number 56)

Интересно е дека дванаесетокракото сонце е исклесано и во другите места на Полог, како што е примерот на стр.110-116 од книгата Брезно од Јован Савевски ( извор: ред.бр. 24),потоа, во с. Стенче (стр. 73) од книгата Тетовски древности, Полог од праисторијата до 7 век н.е. со посебен осврт на тетовскиот крај од Авторот Дарко Гавровски (извор: ред. бр. 157).




(фото: Митко Спироски црквата Св. Богородица, градена 1910 г. во Брезно)
(foto: Mitko Spiroski, chirsh the Virgin Mary, build 1910 on Brezno )



(фото:Митко Спироски, црква Св. Богородица. Брезно,поп Ѓиго Онуфриевски-дарител на фреска)
( foto: Mitko Spiroski, , the chirch Virgin Mary, 1910 Brezno, priest Gigo Onufrievski )



( Сонцето осмокрако, исклесано на зидовите од црквата Св. Богородица, градена 1910 г. во Брезно)
( The Sun with eight tentacles on the walls of the church the Virgen Mary,built in 1910-Brezno)

При обработката на земјата на повеќе места во атарот на Лешок, Лешаните имаат најдено разни предмети: монети, предмети од керамика, од железо и др. како на пр: Ѓоко Димитриевски од родот Циљооj, Дракче Ѓорѓевски од родот Качооj, Митко Спироски од родот Лалошои, Илија Петрушевски од родот Ќапункооj и др. , но, многу археолошки предмети има во Музејот на тетовскиот крај, во Музејот на Македонија и во Управата за заштита на споменици на културата на Македонија.



(Сребрена монета, пронајдена од Митко Спироски од Лешок, при обработката на нивата на локалитетот Кале во 2008 г. )
(Silver coin, which is found out by Mitko Spiroski from Lesok, of his field on the locality Citadel in 2008)

Во многу случаи се сретнува како домаќинките кога месат тесто и прават разни лебчиња, салати и сл. ги шараат зрараците на сонцето и крстот, што укажува на вековната традиција која била всадена во секој дом во Македонија.



(Крстот-симбол на Мојот христијанскиот православен македонски род Спироски-Онуфриевски-Лалошои-Главинови од Лешок)
(Crucifix-symbol of My Christian Orthodox Macedonian kin Spiroski-Onufrievski-Lalosoi-Glavinovi - Lesok)

Крстот е внесуван со векови и во секоја црква е поставена да гледа од исток кон запад односно гледаат-се положени од изгреј сонцето на исток кон запад



(Сонцето, вековен симбол на Македонците украсено со парчиња краставички на руска салата од мојата сопруга )
(The sun , for ages symbol of Macedonian people ,parts of gherkin on the russian salad by my wife )

Во 2005 година со реновирањето и реконструкцијата на црквата Св. Атанасие во Лешок, излеани се прозори-светларници со дванаестокрако сонце на двете куполи.

Значи, симбол сонцето било на трите цркви во Лешок, но, има и на надгробните споменици, а има крст и сонце во двете варијанти и во старите црковни книги и документи, како во Утешение грешним од Кирил Пејчинович и др.



( Сонцето-македонскиот симбол, многу пати е созидано на зидовите на црквата Св. Богородица во Лешок )
( The sun-macedonian symbol,many times is built on the walls of the scurch the Virgin Mary in Lesok )

Исто така и во пишуваните книги и на фреските и иконите е ставн симболот сонце. Така во Утешение грешни од Кирил Пејчинович, во насловот и околу книгата целата е во рамка од осмокрако сонце.

Значи, не случајно Кирил,калуѓерот Данаил и другите го ставиле сонцето како симбол и во црквата Св. Богородица, но и во книгата Утешение грешним, оти тоа секако Кирил како образован монах кој бил да се образува во Хилендар на Света Гора многу добро знаел дека вековна традиција на македонските простори било сонцето како симбол кој се почитувал и одбележувал и од народот во својот секојдневен живот, но, и црквата во својата традиција.


183

КНИГА

глаголемая

оутѣшеніе грѣшнымъ

36. Из „Утѣшенія грѣшнымъ."

(Книгата Утешение грешним, од Кирил Пејчинович и печатена во Солун, првата македонска печатница на Теодисие Синаитски и не случајно секоја страна е во рамка со Сонцето)
( The book Sinners consolation by Kiril Pejcinovic is printed in Salonica, first Macedonian printing by Teodisie Sinaitski and every page is in a frame with the Sun, it isn't accidently)